ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 2488/1
22 -07- 2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава од непознат подносител Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 35- та седница одржана на ден 16.07.2026 година донесе

*О Д Л У К А*

Постапката по предметот со број 08-3195/1 од 23.12.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-3195/1 од 23.12.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Предметот со број 08-3195/1 од 23.12.2024 година е оформен по пријава од непознат поднесител во која се изнесени наводи за неподнесување на анкетен лист/изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК од страна на директори на јавни претпријатија под надлежност на ______________.

Со цел проверка на наводите од пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до ____________ со допис бр.08-124/4 од 14.11.2025 година во кој е побарано да се достави актот за именување/престанок на функцијата на директорите на Јавни претпријатија под надлежност на ______________.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од страна на ________________ е доставен одговор со прилог бараните податоци со документација и решенија за именување/престанок на функција на директорите на јавните претпријатија на _____________ од 2021 до 2025 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатираше дека 16 директори на јавни претпријатија под надлежност на ________________ не постапиле согласно член 82 став 1 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно не поднеле во рок од 30 дена од денот на изборот односно престанокот на функцијата анкетен лист/изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Во врска со горенаведнеото на колегиум одржан на 23.02.2026 година донесен е заклучок за сите 16 лица да се постапува по нови предмети, односно да се оформат службени белешки во рамки на кои ќе бидат иницирани соодветни прекршочни постапки и ќе бидат издадени прекршочни платни налози за сторени прекршоци по член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казниви по член 109 од истиот закон.
Согласно горенаведеното, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот предмет и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател**

**Алем Чучуљ**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Изготвил:** К.Б., помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** м-р Б.К.Ш, член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk